Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот Одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 26.12 2019 година ја донесе следната

**Одлука**

**за донесување на Годишната програма за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година**

Член 1

Се донесува Годишна програма за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Број 02-1779/5**
**26.12.2019 година**
**Скопје**

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**
**Моника Јованова**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

## ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје, декември 2019 год.

Врз основа на член 28 став 1 и 3 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18 ) и член 20 став 2 алинеја 4 од Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој, Управниот одбор на Фондот, на предлог на директорот на Фондот, на седницата одржана на 26.12. ........ 2019 година донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА

Програмата за работа на Фондот за иновации и технолошки развој на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот) за 2020 година е во функција на остварување на стратешките приоритети согласно Среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за периодот 2018–2020 година (бр. 01-332/3 од 26.02.2018 год.; бр. 01-1002/9/1 од 06.12.2018 год.; и бр. 01-1614/6 од 21.10.2019 год.).

Програма за работа го опфаќа период од 01.јануари до 31.декември 2020 година.

Вкупна вредност: 1.153.065.587,00 денари

## ВОВЕД

### ВИЗИЈА, МИСИЈА И ЦЕЛИ

Визијата на Фондот за иновации и технолошки развој е да биде централна институција за поддршка на одржлив економски развој преку поттикнување на иновации и технолошки развој. За да ја оствари оваа визија, Фондот ќе реализира повеќе нови иницијативи во развивањето и во давањето финансиски и нефинансиски услуги кон претпријатијата и со систематска и современа едукација и поддршка на сите релевантни чинители во општеството.

Мисијата на Фондот е поттикнување и поддршка на иновациската дејност во микро, малите и средните претпријатија со цел остварување забрзан технолошки развој, базиран на трансфер на знаење, на истражување за развој и на иновации што придонесуваат кон создавање нови работни места и за економски раст и развој, истовремено подобрувајќи ја бизнис-средината за развој на конкурентските способности на компаниите.

Приоритети и цели на Фондот се:

- Подобрен пристап до финансиска поддршка за иновации и за технолошки развој

- Промовирање и поттикнување на иновациската дејност во Република Северна Македонија

Фондот преку исполнувањето на своите цели придонесува кон забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и подобрување на деловната клима за развој на конкурентска способност на претпријатијата.

## ОСНОВНА ДЕЈНОСТ И ЗАДАЧИ

Основна дејност на Фондот е обезбедување финансиска поддршка на претпријатија регистрирани во Република Северна Македонија, со цел поттикнување на иновациската дејност преку кофинансирани грантови кои се доделуваат на конкурентна основа.

Основните задачи на Фондот се следните:

- ✓ финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика;
- ✓ професионални и други работи во врска со прибавување средства во Фондот, управување со тие средства и нивно користење;
- ✓ посредување во врска со финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата согласно со приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- ✓ водење на база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектите на кои им се одобрени средства, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои Фондот ги финансира, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- ✓ поттикнување и создавање соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и други правни и физички лица, поради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори;
- ✓ избирање друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик, кој ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација на инструментите за еквити и мезанин инвестиции
- ✓ основање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции и донесување на статут и проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции и
- ✓ следење и евалуација на проектите за кои се доделени средства, со цел развивање на претприемништвото во Република Северна Македонија.

## ПЛАН НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## ПРОГРАМИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДЕЛОВНИОТ СЕКТОР (ИЛИ НА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА)

### ПЛАН ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СТОЛБ 3

Фондот, во координација со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, и во 2020 година ќе продолжи со интензивна имплементација на мерките од Планот за економски раст на Владата, столб 3: финансиска поддршка (кофинансирани грантови) за микро, мали и средни претпријатија за иновации и технолошки развој.

Планот за економски раст, столб 3 ги опфаќа следните мерки на поддршка:

1) Мерка 1: Финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија (во натамошниот текст ММСП) со тенденција на брз пораст („Газели“);
2) Мерка 2: Посебна финансиска поддршка за ММСП;
3) Мерка 3: Финансиска поддршка за подобрување на иновативноста;
4) Мерка 4: Финансиска поддршка за стручно усовршување и практика на нововработени млади лица; и
5) Мерка 5: Создавање амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал.

### Мерка 1: Финансиска поддршка на ММСП (во натамошниот текст микро, мали и средни претпријатија) со тенденција на брз пораст („Газели“) и Мерка 2: Посебна финансиска поддршка за ММСП

До месец ноември 2019 година, реализацијата на **Мерка 1** се одвиваше преку инструментот „Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција за брз пораст (Газели)“, а реализацијата на **Мерка 2** се одвиваше преку инструментот „Кофинансирани грантови за микро претпријатија„. Бидејќи инструментите обезбедуваат поддршка на ист вид на инвестициони активности, врз основа на дадена согласност од страна на Влада на РСМ инструментот „Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција за брз пораст (Газели)“ и инструментот „Кофинансирани грантови за микро претпријатија“, се спои ја во еден инструмент со назив: „**Кофинансирани грантови за технолошки развој**“.

Целта на овој Инструмент е да се обезбеди финансиска поддршка за технолошки развој на претпријатија и приватни здравствени установи (во понатамошниот текст ПЗУ). Преку овој Инструмент Фондот ќе се обезбедува финансиска поддршка **до 30% (триесет проценти)** од вкупниот буџет на проектот, но не повеќе од **10.000.000,00 (десет милиони) денари** по апликант и тоа:

- за претпријатија и ПЗУ чиј просечен број на вработени е до 10 вработени и чиј годишен приход во последните две години е помал од 50.000,00 (педесет илјади) евра согласно финансиските извештаи за последните две фискални годинни, финансирање во максимален износ од 5.000.000,00 (пет милиони) денари;
- за претпријатија и ПЗУ чиј просечен број на вработени е од 10 до 250 вработени и чиј годишен приход во последните две години е поголем од 50.000,00 (педесет илјади) евра, а помал од 10.000.000,00 (десет милиони) евра согласно финансиските извештаи за последните две фискални години, финансирање во максимален износ од 10.000.000,00 (десет милиони) денари.

Преку овој Инструмент ќе се обезбедува поддршка за следните видови на инвестициски активности:

- прифаќање и спроведување на европските технички прописи во однос на безбедноста на производите;
- подготовки за стекнување сертификати за квалитет;
- активности за анализа, подготовка, стекнување и заштита на права од индустриска и интелектуална сопственост;
- подготовка и спроведување на активности за подобрување на енергетската ефикасност;
- изработка на елаборати за заштитата на животната средина;
- подготовка и воспоставување на системи за управување со отпадот;
- воведување на информациони системи;
- техничка поддршка од страна на надворешни експерти за подготовка на среднорочни и долгорочни стратешки планови;
- обука за среднорочно планирање на бизнисот (тригодишен бизнис план);
- подготовка на развојни проекти за деловно поврзување и воспоставување на деловна соработка (во период од 3 до 5 години) со странски инвеститори и домашни претпријатија;
- подобрување на организационата структура за задоволување на растот на фирмата;
- специјализирани менаџмент обуки - програми за развој и на способностите на менаџмент тимовите;
- обука за препознавање таленти (идни лидери) и креирање на програми за развој на таленти (идни лидери);
- обука за планирање и контрола на трошоци; и
- набавка или изработка на специфичен софтвер поврзан со подобрување на организациската структура и перформансот или за подобрување на оперативните процеси кои ќе ја зголемат продуктивноста и/или процесот на планирање.

Критериумите за подобност кои треба да ги исполнува поединичен апликант се:

- ✓ да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија или да е приватна здравствена установа основана согласно Законот за установи и Законот за здравствената заштита регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- ✓ да е претпријатие или ПЗУ со максимум 250 вработени;
- ✓ годишните приходи на апликантот да не надминуваат 10.000.000,00 (десет милиони) евра според финансиските извештаи за претходните две фискални години;
- ✓ да не е поврзан со друго претпријатие или ПЗУ каде што збирните годишни приходи надминуваат 10.000.000,00 (десет милиони) евра и збирниот број на вработени да не надминува 250 во претходните две фискални години, освен во случај на поврзаност со високообразовна, односно научно-истражувачка установа;
- ✓ против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- ✓ да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- ✓ против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- ✓ да ги исполнува условите од Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis), односно:
  - да нема акумулирано повеќе од 200.000,00 (двестотини илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот согласно Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);
  - да нема аклумулирано повеќе од 100.000,00 (сто илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот, ако претпријатието е активно во секторот за патен сообраќај, согласно Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);
  - да не е во потешкотии (претпријатие во потешкотии е претпријатие кое не е во можност да ги исполнува своите обврски од сопствените ресурси или со средства што може да ги добие од својот сопственик/акционерите или кредиторите, за да ги запре загубите, кои без надворешна интервенција од давателите на помош со сигурност ќе доведат до краткорочен и долгорочен престанок со работа на претпријатието); и
  - да не се занимава со производство на јаглен.

Времетраењето на проектот за кој ќе се доделуваат финансиски средства преку овој инструмент може да биде до 18 (осумнаесет) месеци. Под оправдани околности, времетраењето на спроведувањето на проектот може да биде продолжено најмногу за дополнителни 6 (шест) месеци.

**Мерката 3: Финансиска поддршка за подобрување на иновативноста се спроведува преку инструментот „Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста“**

Преку овој Инструмент Фондот ќе обезбедува финансирање **до 70% (седумдесет проценти)** од вкупниот буџет на инвестициски проект, но не повеќе од **20.000.000,00 (дваесет милиони) денари** по апликант.

Поддршката преку овој Инструмент ќе биде доделена на проекти со јасна комерцијална цел кои се во фаза на потврден концепт или во фаза на прототип (или соодветна фаза во зависност од видот на иновативниот производ, услуга, процес) се до предкомерцијална (предпазарна) фаза.

Преку овој Инструмент ќе се обезбедува поддршка за истражувачки и развојни проекти кои ги вклучуваат следните видови на инвестициски активности:

- разработка на техничко–технолошките аспекти во развој и воведување на нови производи или услуги;
- значително подобрување на постојните производи или услуги;
- изработка на нови модни колекции;
- изработка на индустриски дизајн или редизајнирање на производите;
- изработка на нова амбалажа;
- изработка на маркетинг планови (анализа на пазари, на конкуренцијата, истражување на производите, продажбата и сл.); и
- подобрување на постојните или воведување на нов производствен процес.

Критериумите за подобност кои треба да ги исполнува поединичен апликант се:

- ✓ да биде трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- ✓ против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- ✓ да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- ✓ против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- ✓ да биде со доминантно македонска сопственичка структура (од 50,1% или повеќе) односно 50,1% или повеќе од основната главнина на Апликантот треба да биде во сопственост на: (а) едно или повеќе физички лица кои се државјани на Република Северна Македонија, и/или (б) едно или повеќе трговски друштва со регистрирано седиште во Република Северна Македонија, и/или (в) една или повеќе високообразовни, односно научно-истражувачки установи; притоа, лицата од потточката (в) од оваа точка може да поседуваат најмногу до 20% во основната главнина на Апликантот, и
- ✓ да ги исполнува условите од Законот за контрола на државна помош и условите од член 6 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

Времетраењето на проектот финансиран преку овој Инструмент може да биде до 24 (дваесет и четири) месеци. Фондот може да одобри продолжување на времетраењето на проектот, до 3 (три) месеци, врз основа на оправдани околности.

Овој инструмент на финансиска поддршка е услогласен со инструментот за финансиска поддршка „Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации“ започнувајќи од крајот на 2018 година, при што се направени усогласувања на критериумите за подобност, активностите и трошоците подобни за финансирање и износите за финансиска поддршка помеѓу двата инструмента, поради што Фондот во текот на наредната година ќе продолжи со повици за инструментот „Кофинансирани грантови за

комерцијализација на иновации" исполнувајќи ја при тоа целта на мерката 3 за подобрување на иновативноста кај претпријатијата.

**Мерката 4: Финансиска поддршка за стручно усовршување и практика на нововработени млади лица се спроведува преку инструментот „Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса на нововработени млади лица"**

Преку овој Инструмент Фондот ќе обезбедува финансирање **до 30% (триесет проценти)** од вкупниот буџет на инвестициски проект, но не повеќе од **1.000.000,00 (еден милион) денари** по апликант.

Преку овој Инструмент ќе се обезбедува поддршка за следните видови на инвестициски активности:

- стручна обука и пракса за краен примател на поддршката кај Апликантот (вклучително и Fast Track Management Programme); и
- стручна обука и пракса за краен примател на поддршката кај Организатор.

Критериумите за подобност кои треба да ги исполнува поединичен апликант се:

- ✓ да биде трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- ✓ да биде мало претпријатие или средно претпријатие;
- ✓ да има најмалку 5 вработени, а најмногу 250 вработени во моментот на аплицирањето;
- ✓ против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- ✓ да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- ✓ против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- ✓ да има остварено годишен приход од најмалку 3.000.000,00 денари (три милиони денари) во годината која и претходи на годината кога се аплицира за финансиската поддршка од овој Инструмент; и
- ✓ да ги исполнува условите од Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis), односно:
    - да нема акумулирано повеќе од 200.000,00 (двесте илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот согласно Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);
    - да нема аклумулирано повеќе од 100.000,00 (сто илјади) евра помош од мало значење за перио од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот, ако претпријатието е активно во секторот за патен сообраќај, согласно Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);
    - да не е во потешкотии (претпријатие во потешкотии е претпријатие кое не е во можност да ги исполнува своите обврски од сопствените ресурси или со

средства што може да ги добие од својот сопственик/акционерите или кредиторите, за да ги запре загубите, кои без надворешна интервенција од давателите на помош со сигурност ќе доведат до краткорочен и долгорочен престанок со работа на претпријатието); и
- да не се занимава со производство на јаглен.

Критериумите за подобност кои треба да ги исполнува краен примател на поддршка се:
- ✓ да биде на возраст до 29 години, а да нема навршено 30 години во моментот на аплицирањето;
- ✓ да биде вработено кај Апликантот не помалку од 6 месеци во моментот на аплицирањето;
- ✓ да биде државјанин на Република Северна Македонија;
- ✓ доколку веќе било краен примател на поддршка преку овој Инструмент кај друг правен субјект, да изминале 24 месеци од крајот на проектот поддржан со овој Инструмент во рамките на кој истото се јавило како краен примател на поддршката.

Времетраењето на проектот финансиран преку овој Инструмент може да биде до 24 (дваесет и четири) месеци.

**Мерката 5. Создавање на амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал**

Во врска со **Мерката 5** предвидена е изработка на подзаконски акти за овозможување на коинвестирање од страна на Фондот во приватни фондови заедно со инвеститори, инвестициски фондови и акцелератори во страт-ап претпријатија, технолошко напредни претпријатија и претпријатија со висок потенцијал за раст. Предвидено е и Коинвестирање од страна на Фондот за иновации и технолошки развој во приватни фондови заедно со инвеститори, инвестициски фондови и акцелератори со цел обезбедување почетен капитал и последователни инвестиции во старт-ап претпријатија, технолошко напредни претпријатија и претпријатија со висок потенцијал за раст.

Активностите за воспоставување на Фонд за еквити и мезанин инвестиции (ФЕМИ) се во завршна фаза. За ФЕМИ беше изработен документ кој ги содржи условите и начините на неговото функционирање, инвестиционата стратегија и инвестиционите политики. Во 2020 година реализацијата ќе биде во согласност со законските и подзаконските акти на Фондот.

## ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ (ФИНАНСИРАН ОД СВЕТСКА БАНКА)

Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, финансиран од Светската банка, а имплементиран преку Министерството за образование и наука, има за цел подобрување на транспарентноста на распределувањето на ресурсите и унапредување на отчетноста во високото образование, како и подобрување на релевантноста на средното техничко стручно образование и поддршка на капацитетот за иновации во Република Македонија. Во рамки на проектот, Фондот се јавува како одговорна институција во делот - Подобрување на капацитетот за иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации. Активностите од проектот за развој на вештини и договорот за заем од Светска Банка завршуваат заклучно јуни 2020 година.

Како резултат на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, Фондот разви и обезбедува финансиска поддршка преку 4 инструменти за поддршка на микро, мали и средни претпријатија:

1) Кофинансирани грантови за новоосновани претпријатија;
2) Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации;
3) Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и
4) Кофинансирани грантови за технолошка екстензија

Со завршување на проектот во јуни 2020 година, Фондот ќе продолжи со реализација на повици и обезбедување на финансиска поддршка по горенаведените инструменти.

Средствата за финансиска поддршка за иновации и технолошки развој предвидени за 2020 година ќе се доделуваат по пат на јавни повици, предвидени согласно динамиката во Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018-2020 година, одобрена од страна на Владата на РСМ на 20.12.2019 година.

За јавниот повик за комерцијализација на иновации, реализиран во рамки на програмата 2019 година се предвидува дополнително проширување на средствата за ко-финансирање во износ од 1 милион евра. Истото ќе се обезбеди со зафаќање на средства од заемот од Светска Банка, а по направени пресметки на преостанатиот износ на заемот, имајќи предвид и рокот за негова реализација (завршува: 30.06.2020 година). Со дополнителното проширување ќе се овозможи завршување на работата на Комитетот на одобрување на инвестиции во разгледување на аргументите/одговорите на компаниите апликанти по доставените коментари од процесот на евалуација.

Исто така за 2020 година предвидено да се продолжи со исплата со превземените обврски од претходно објавените повици.

Зависно од расположливите средства Фондот може да објави и дополнителни повици за финансиска поддршка.

## НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНА

Фондот ќе продолжи со редовен мониторинг на корисниците на финансиска поддршка. Мониторингот ќе се спроведува на редовно месечно, квартално или семестрално ниво (зависно од видот на инструмент или предизивик) и истиот опфаќа следење на реализација на планот за активности преку наративен извештај, финансиски мониторинг на трошењата за целите на проектот преку финансиски извештаи и Извештај за спроведување на План за транспарентност и комуникација со јавност.

Мониторингот го спроведуваат надворешни ревизорски компании во координација со Фондот, а покрај следење на редовните извештаи (финансиски и наративни) ќе се продолжи со праксата за правење на теренски посети на корисниците со цел увид во активностите и резултатите.

## ПРОГРАМИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И ИНОВАЦИИ – ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Поаѓајќи од значењето на човечките ресурси во поттикнување на иновативната дејност, Фондот ќе делува во насока на јакнење на способностите и подобра реализација на потенцијалот на младите и на претставниците на академската заедница. Мерките насочени кон јакнење на човековите ресурси се структурирани во две компоненти и тоа:

1) Фонд за млади умови, компонента која пред се ги таргетира младите низ иницијативи поврзани со формалното и неформланото образование; и
2) Поврзување на академската заедница и индустријата, компонента која е насочена кон пренос на знаењата и резултатите од научните истражувања од академската и научната заедница во приватниот сектор.

### ФОНД ЗА МЛАДИ УМОВИ

Според резултатите од тестирањето ПИСА во 2015 год[1], Република Северна Македонија е меѓу земјите кои покажуваат најлоши остварувања. Државата е претпоследна од сите земји учеснички во истражувањето, што значи дека повеќе од половината ученици не поседуваат основни компетенции. Она што навистина претставува горлив проблем е што показателите посочуваат дека способностите кај младите во нашата земја постепено се влошуваат, додека во другите земји од регионот одат во нагорна линија. Во исто време, државата се соочува со огромен губиток на потенцијал и креативна енергија, чиј размер се зголемува кога во предвид се зема и проблемот со „одливот на мозоци“[2].

---

[1] https://www.oecd.org/pisa/pisa-2015-results-in-focus.pdf
[2] https://www.unicef.org/northmacedonia/media/4836/file/OECD%20study%20MK%20EDU.pdf

Во денешниот свет на брзи промени и глобална економија, постои реална потреба од високо специјализирани и флексибилни вештини, додека образовните системи се соочуваат со проблеми во поглед на одржувањето чекор со промените. Во процесот на растење учениците имаат потреба од образование од кое ќе извлечат применливи знаења, поширок спектар на вештини, вредности и искуства со цел да им се овозможи да развијат проактивен, самомотивирачки менталитет и вештини за соработка, вработливост и граѓанство. Уште повеќе, во свет на масовна поврзаност, младите лица имаат потреба да бидат чуени, и да бидат вклучени во создавањето и развојот на процесите што се наменети да ги подобрат нивните животи, и да имаат пристап до сигурни извори на информации.

Овозможувањето на горенаведените потреби кај младите претполага дека Република Северна Македонија ќе има одржливи механизми и системски пристап во поглед на задоволувањето на нивните потреби и во однос на спречувањето на одливот на мозоци, односно дека:

- ќе создадеме интелектуално стимулативна средина и ќе ги подготвиме младите за иднината преку вештини за решавање проблеми во контекст на свет на брзи промени;
- ќе ја поддржиме меѓународната мобилност и интернационалните иницијативи на младите;
- ќе поддржиме синергија помеѓу различните области на образование и обука;
- ќе обезбедиме платформа која ќе ги поврзе образованиот сектор, бизнис секторот и граѓанските организации; и
- ќе го зајакнеме гласот на младите.

Наодите од спроведената иницијална анализа на состојбата во образованите и младински политики по однос на горенаведените цели покажа и дека во моментов постојат неколку програми за млади што дале позитивни резултати, но повеќето се реализираат на ниво на проект, така што навистина е тешко да се постигне сеопфатно национално влијание или да се предизвика значителна квалитативна промена. За да се надмине овој проблем, Фондот за иновации и технолошки развој изготви план на активности кои ќе ги превземе на краток и подолг рок.

Во текот на 2020-та година Фондот финансиски и логистички ќе го поддржи спроведувањето на три програми кои покажуваат позитивни резултати, а кои се дирекно поврзани со поттикнување на истражувачката активност, претприемништвото и иновативноста кај младите.

**Предизвик за млади истражувачи**

Целта на предизвикот е да поттикне креативно и критичко размислување преку изнаоѓање одговор на претходно идентификувани прашања и проблеми, и да ја негува љубопитноста преку откривање нови хоризоннти на начин што го предизвикува конвенционалното знаење. Преку процесот на откривање, учениците, наставниците и менторите можат да ги идентификуваат сопствените способности, да ги унапредат сопствените вештини, и да соработуваат со цел постигнување заеднички цели.

Фондот во 2020 година ќе го спроведе овој предизвик по трет пат. Предизвикот се реализира во текот на целата година. Се очекува „Предизвик за млади истражувачи 3“ да биде објавен на почетокот на годината, а наградите да бидат доделени пред крајот на учебната година. Вкупниот буџет на Предизвикот се планира да биде 6 милиони денари, а конечниот износ ќе зависи од расположливите средства и интересот на училиштата, и истиот ќе биде одобрен од страна на Управниот одбор на Фондот.

Фондот тековно ќе ги следи и промовира проектите наградени од претходните јавни повици од овој Предизвик.

**Програма за поттикнување на социјалното претприемништво кај младите – UpShift**

UPSHIFT програмата содржи: 1) учење преку методологија на дизајн фокусиран на човекот; 2) можности за менторирање со цел развивање идеи до нивниот целосен креативен потенцијал, и 3) почетно финансирање со цел поддршка и ангажирање млади луѓе.

Методологијата ги следи најновите истражувања за развојот на мозокот кај адолесцентите. UPSHIFT им дава на младите луѓе смисол за припадност, автономија и способност, и ги мотивира младите луѓе да успеат. Ги вклучува младите со тоа што им дава водство во поглед на идентификација на проблемите во нивната заедница, и потоа заедно со заедницата создава решенија, услуги или производи со кои се адресираат тие проблеми. Овој „дизајн фокусиран на корисникот“ и учење на претприемништво преку услуги им овозможува на младите да го развијат критичкото размислување и да се стекнат со вештини на 21-от век, што можат да се применат во сите области на животот.

Во 2020 година, со поддршка на Фондот, UPSHIFT програмата ќе вклучи:

- Спроведување на 3 (три) комплетни циклуси на UPSHIFT;
- Дисеминација на водичот за користење на човечки ориентиран пристап при развој на претприемништвото и вештините на 21 век на наставници вклучени во трите UPSHIFT циклуси;
- Поддршка на Бирото за развој на образованието во примена на човечки ориентиран пристап при развој на претприемништвото и вештините на 21 век во наставните програми по предметите за претприемништво и иновации.

Се очекува со UPSHIFTпрограмата, во 2020 година да бидат вклучени 120 адолесценти, 15 наставници и да бидат поддржани 15 проекти на социјално претприемништво.

**Поддршка на претприемничкото образование - Junior Achievement**

Проектот за поддршка на претприемничкото образование во Европа и Евроазија, локално имплементиран од страна на Џуниор Ачивмент Македонија, цели да ги инспирира и подготви младите луѓе да успеат во глобалната економија преку развој и спроведување на програми за претприемничко образование, финансиска писменост и

подготвеност за работа. Проектот соработува со средни училишта, студенти, наставници и родители и други организации што нудат поддршка, бизнис асоцијации, финансиски институции, и водечки компании што сакаат да го поддржат претприемничкото образование во Северна Македонија. Проектот го подобрува партнерството меѓу бизнисите и училиштата со цел создавање генерација на млади луѓе способни да применат иновативни пристапи и техники во нивните наставни активности и луѓе кои ќе бидат подготвени за модерниот пазар на труд.

Во 2020 година Junior Achievement програмата ќе вклучи:

- Одржување на два Кампа за иновации;
- Спроведување на годишен Државен натпревар за најдобри ученички компании;
- Спроведување на обуки за наставници/учители;
- Учество на победничкиот тим од Државниот натпревар за најдобри ученички компании на Меѓународниот натпревар за најдобри ученички компании.

Во учебната 2019/2020 година се планира околу 200 ученици да земат учество на кампoвите за иновација, а третина од нив да го полагаат испитот за стекнување сертфикат за претприемнички вештини. Во програмата низ обука ќе бидат вклучени и над 300 наставници кои потоа ќе имаат улога на ментори во реализирањето на програмата ученички компании.

**Воведување на програма за обезбедување на поддршка за подготовка, учество и промоција на меѓународни натпревари во областите на науката и технологијата**

Со цел обезбедување на поддршка за младите луѓе на основа на идентификуваните потреби согласно растечкиот интерес изразен од чинителите до Фондот, во 2020 година Фондот ќе воведе програма за доделување финансиска поддршка за активности поврзани со подготовка за меѓународни натпревари, учество на меѓународни натпревари и промоција на достигнувањата на младите. Преку оваа програма на системски начин ќе се поддржат талентираните ученици и младите кои постигнуваат високи остварувања во одредени научни и технолошки области.

**Воспоставување на „Регистар на програми“ кои поттикнуваат креативност, иновативност, претприемништво и стекнување на вештини за 21 век кај младите**

Изготвувањето на **Регистер на програми** е една од иницијалните активности кои Фондот ќе ги спроведе во рамки на програмата Фонд за млади умови. Целта е на едно место да се соберат информации за минати и постојни програми кои ја поттикнуваат креативноста, иновативноста и претприемништвото кај младите, како и стекнување на вештини за 21-от век. Ваквиот преглед на иницијативите ќе придонесе кон подобра координација помеѓу институциите кои ги поддржуваат и спроведуваат програмите, ќе го олесни пристапот кон информации за заинтересираните чинители со што ќе ја зголеми видливоста на програмите и ќе влијае врз нивното поуспешно спроведување. Исто така Регистарот ќе послужи и како основа за понатамошна анализа на постојните

програми со цел идентификација на успешните практики, но и на недостатоците во поддршката.

Во прво време предвидено е Регистарот на програми да послужи како алатка за евиденција на постојните програми, а доколку понатамошните истражувања покажат дека ваквата алатка е користена од чинителите и е потребно истата да се формализра, оваа база на податоци ќе послужи како основа за воспоставување унифициран Регистар на програми со пропишани форма, содржина и начин на водење за што ќе се предложат соодветни измени и дополнувања на Законот за иновациска дејност и ќе бидат изготвени соодветни подзаконски акти.

Регистерот на програми исто така ќе послужи како иницијална база на податоци која ќе биде користена од сите чинители (младите, наставниците, родителите, јавните институции, цивилнито сектор, приватниот сектор и донаторите). Понатаму оваа база на податоци ќе се надградува со информации и функционалности кои ќе креираат платформа за поврзување на образовниот сектор, приватниот сектор и граѓанските иницијативи.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА И ИНДУСТРИЈАТА

Глобалниот иновациски индекс (2019) ја рангира Република Северна Македонија на 36-то место од 39 европски економии во 2019 година, и 59-та меѓу вкупно 129-те економии кои годината се дел од Глобалниот иновациски индекс[3]. Северна Македонија има најдобри резултати во областа на софистицираност на пазарот, додека најслаби резултати остварила во полето на човечки капитал и истражувања. Оценката за индикаторот „Соработка за истражување помеѓу универзитетите и индустријата" е особено ниска, и е идентификувана како една од најслабите точки во екосистемот, што ја сврстува земјата на 108-мото место од 129-те земји по однос на овој специфичен индикатор.

Со цел да се процени моменталната состојба на националниот иновациски екосистем во 2019 година беа подготвени три студии на одржливост финансирани од ЕУ во рамки на проектот "Платно за Иновации: Пат кон засилување на националниот иновациски екосистем". Една од овие студии, „Студијата на одржливост за креирање и имплементација на инструменти за иновациски политики" имаше за цел да ги анализира постојните мерки за поддршка и да ги идентификува преклопувањата и слабостите во националниот иновациски екосистем. Главен недостаток кај мерките за поддршка на иновации, истражување и развој беше идентификуван во трансферот на знаење помеѓу јавниот и приватниот сектор како и соработката помеѓу академската заедница и индустријата.

Со цел да се премостат овие недостатоци, Фондот во 2020 година ќе ги подготви и воведе следните мерки за поддршка:

[3] https://www.wipo.int/edocs/pubdocs/en/wipo_pub_gii_2019.pdf

**Иновациски ваучери**

Иновациските ваучери претставуваат финансиски поттик кој претпријатијата ќе го користат за да покријат дел од трошоците за услугите кои ги нудат академските и научно-истражувачките институции. Развојот на нови производи, процеси и услуги е во директна релација со процесот на иновација. Иновациските ваучери ќе овозможат директен финансиски стимуланс и трансфер на знаење, со што се зголемува динамиката на развојот на производите и услугите како и нивниот пласман на пазарот. Целта на Иновациските ваучери е да се поттикне соработката помеѓу претпријатијата и академските и научно-истражувачките установи во насока на спроведување иновациски активности, со што претпријатијата ќе ја зголемат својата конкурентност.

Во 2020, Фондот ќе објави јавни повика за доделување Иновациски ваучери. Буџетот за повиците се планира да изнесува 15 милиони денари, а конечниот износ ќе зависи од расположливите средства на Фондот и интересот на фирмите од оваа мерка, и истиот ќе биде одобрен од страна на Управниот одбор на Фондот.

**Кофинансирани грантови за соработката помеѓу академијата и индустријата**

Грантовите се наменети за пилотирање на проекти за соработка меѓу академската заедница и индустријата. Мерката предвидува поддршка на активности за истражување и развој кои би се спроведувале главно во високообразовните институции и истражувачките центри, а кои имаат практична примена во индустријата и одговараат на потребите на бизнисот.

**Секторски специфични мерки**

Како надополнување на горенаведените мерки кои водат кон поврзување на академската заедница со индустријата, но и како пилотирање на современите трендови во иновациските политики насочени кој специфични сектори од особено знањење за регионалните економии, во 2020 година Фондот ќе воведе мерки ориентирани кон приоритетни области и тоа:

**Зелени ваучери**

По моделот на Иновациски ваучери, ќе бидат воведени и ваучери кои за промарна цел ќе имаат обезбедување на услуги од страна на академските и научни иниситуции во насока на намалување на емисиите на CO2.

**Воспоставување и спроведување на иновативни практики во областа на земјоделството и руралниот развој**

Финансиските средства доделени под оваа програма ќе бидат наменети за инвестициии во основни средства и опрема за спроведување на иновативни практики во примарното земјоделско производство и преработка на земјоделските производи и апликација на научно-истражувачки достигнувања од областа на земјоделството и руралниот развој.
Во 2020, Фондот ќе објави најмалку два јавни повика за доделување средсва под оваа програма. Буџетот за прviот (пилот) повик ќе зависи од расположливите средстав за оваа мерка предвидени во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој од

страна на Министерството за земјоделие, шумарставо и водостопанство на РСМ. Буџетот на вториот повик ќе биде определен земајќи го предвид интересот на апликантите изразен на прviот јавен повик.

**Иновациски форум - IMAGINE IF!**

Иновацискиот форум „IF“ е глобална организација која за цел има да ја потикне иновациската дејност во здраствениот сектор, да го поддржи трансферот на научните достигнувања во индустриски решенија со значително влијание врз поробрување на здравјето, како и да создаде платформа за комуникација помеѓу академската заедница, индустријата, инвеститорите и државата. IF е основна на Универзитетот во Кембриџ, а е во соработка со над 20 најдобри универзитети на светот (Оксфорд, Харвард, UCL, ETH, EPFL, Стенфорд, и други). Еден од проектите кои ги спроведува IF е „IMAGINE IF“-акцелераторска програма за старт-апи кои делуваат во здравствениот сектор. Од 2020 година, Фондот ќе се вклучи во спроведување на повици за македонските старт-апи во рамките на оваа акцелераторска програма.

## ДРУГИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПОДДРШКА

Фондот покрај постојните инструменти, ќе развива и други инструменти за поддршка на определени целни групи, во насока на поттикнување на иновациската дејност и технолошкиот развој.

Планирано е пилотирање и/или спроведување на следните нови инструменти и тоа:

(а) Примена на иновации во јавниот сектор;

(б) Инструмент за поддршка на трансфер на технологии;

(в) Инструмент за поддршка на големи претпријатија; и

(г) Техничка помош за поддршка и унапредување на иновациската дејност и трансфер на технологии кај ММСП; и

(д) Поддршка на самовработување преку развој на иновативни бизниси.

## А/ ПРИМЕНА НА ИНОВАЦИИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Фондот ќе продолжи со спроведување на иницијативи со цел пилотирање на Инструмент - Примена на иновации во јавниот сектор. Со овој инструмент ќе се поттикне поголемо вклучување на домашните компани со иновативна култура и капацитет, во обезбедување на потребите на јавниот сектор и општеството. Инструментот ќе финансира развој на иновативни производи и услуги за конкретна потреба на јавниот сектор. Со самиот процес на аплицирање за средства, на компаниите на компетитивна основа ќе им се обезбедат финансиски средства за развој на нов производ или услуга. Со вклучување на јавниот сектор како краен корисник, овие компании ќе добијат значително проширување на пазарот. Придобивка за јавниот сектор (и Буџетот на РСМ) е што новиот производ или услуга ќе може да се купи односно изнајми по цена што се очекува да биде значително под нивото што би се постигнало при „традиционална“ постапка за јавна набавка.

Во текот на 2020 година, Фондот ќе продолжи со организирање на предизвици на теми од посебен општествен интерес и тоа во следните области:

- Тематски предизвик поврзан со заштита на животната средина – **О2 предизвик II** на тема: **Ублажување на климатските промени и подобрување на отпорноста кон климатските промени**

Климатските промени мора да бидат разбрани како сериозна закана по животната средина, здравјето и благосостојбата на луѓето и се закануваат да влијаат на сите граѓани без оглед на местоположбата, економската развиеност и/или големината на заедницата. Промената на климата е глобален проблем, но последиците ги чувствуваат најмногу земјите во развој, на локално и на регионално ниво, каде овие проблеми стануваат причина за се поголема грижа и планирана акција.

Јавниот повик за О2 предизвик II, Фондот ќе го упати кон претставниците на секторот на ММСП со цел да се понудат иновативни и одржливи решенија кои ќе одговорат на предизвиците кои ги носат климатските промени во неколку предложени сектори како: енергетика, индустрија, земјоделие и транспорт.
Повикот се планира да се објави во првата половина од 2020 година.

- **Тематски предизвик поврзан со социјалното претприемништво и градењето на социјална економија**

Денес во Европа постојат 2 милиони социјални претпријатија што сочинуваат 10% од целокупниот бизнис во ЕУ. Иако развојот на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија е во самиот почеток, Фондот ја препознава можноста за развој на овој сектор особено со оглед на тоа дека кај овој вид на претпријатија постои голем потенцијал за справување со постоечките социјални прашања и проблеми преку понуда на нови и иновативни решенија кои често ги опфаќаат и маргинализираните групи во општеството. Со цел да го поттикне развојот на овој сектор, Фондот предвидува организирање на предизвик упатен како кон ММСП, така и кон здруженијата на граѓани за понуда на иновативни решенија кои ќе имаат значителен социјален импакт.

Во текот на 2020 година, Фондот ќе продолжи со реализација на овие и други нови иницијативи во соработка со институциите од јавниот сектор преку објавување на предизвици, хакатони, натпревари и други форми на јавен повик.

## Б/ ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДДРШКА НА ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИИ

Предвидено е креирање и спроведување на нов инструмент за трансфер на технологии со цел проширување на критериумите за подобност за финансирање, со што како корисници би се опфатиле и високообразовните институции, научно-истражувачките институции, а во насока на јакнење на соработката помеѓу науката и индустријата, и поддршка на комерцијализација на научни истражувања кои имаат примена во бизнис.

## В/ ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДДРШКА НА ГОЛЕМИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Предвидено е креирање и воведување на нов инструмент за поддршка на иновативните активности на големите претпријатија. Во досегашното портфолио на инструменти опфатени се микро, мали и средни претпријатија и приватни здравствени установи но со цел нудење на еднакви можности за сите Фондот ќе пристапи кон анализа на потребите и условите на поддршка со цел креирање на нов инструмент и обезбедување на поддршка на иновациите и технолошкиот развој и во големите претпријатија.

## Г/ ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ И ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИИ КАЈ ММСП

Мерката ќе се спроведе преку обезбедување на бесплатни консултантски/менторски услуги за унапредување на иновациската дејност како и за подготовка на предлог-проекти за инструментите на Фондот за иновации и технолошки развој. Дополнително, предвидено е и подобрување на пристапот кон бесплатна консултантска/менторска помош за претпријатијата преку обезбедување рамномерна регионална застапеност

## Д/ ПОДДРШКА НА САМОВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ БИЗНИСИ

Мерката ќе се спроведе преку поддршка на невработени лица со цел започнување сопствен бизнис. Дел од програмата ќе биде наменет за самовработување на лица преку основање на брзо растечки иновативни компании.

Дваесет и два проекти од млади претприемачи со потенцијал за брз пораст веќе започнаа со реализација преку Програмата за самовработување за 2019 година, што ја реализира Агенцијата за вработување, во соработка со УНДП и Фондот за иновации и технолошки развој. Овие проекти се дел од новата ИН-група што е воведена како новина во Програмата, чија цел е проектите со иновативна компонента да добијат соодветна менторска поддршка и да го искористат целосниот потенцијал за брз пораст и висока додадена вредност. ИН-групата е надополнување на веќе постојните програми на Фондот за поддршка на старт-ап бизнис, и тоа во рана фаза на формирање на компанија и развој на бизнис план, што досега беше посочувано како крупна пречка за младите луѓе за аплицирање. Овие 22 нови компании ќе се придружат на над 100 старт-апи кои веќе реализираат свои проекти во рамки на програмите на Фондот во изминатите 24 месеци.

## ПРИСТАП И МОБИЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА

Фондот продолжува да бара други расположливи можности за финансирање на своите активности. Планирано е воспоставување на соработка и со слични институции за поддршка на иновации во странство, меѓу другото со цел формирање конзорциуми за учество на европски и други проекти.

За финансирање на програмите поврзани со образование, наука и иновации, Фондот ќе настојува да мобилизира дополнителни ресурси од билатерналии и мултилатерални донатори. За таа цел, Фондот ќе воспостави соработка и со релевантни потенцијални партнери, меѓу другото, со цел заедничко учество и/или кофинансирање на проекти.

Од страна на Фондот е поднесен предлог проект за обезбедување техничка помош преку ЕУ фондовите за обезбедување на експертиза за дизајнирање на оваа мерката „Кофинансирани грантови за соработката помеѓу академијата и индустријата". Во 2020 година во план е и поактивно вклучување на Фондот во искористување на средствата од Хоризонт 2020 програмата на Европската Комисија преку поднесување на проектни апликации за организирање на „Европска ноќ на истражувачи" во рамки на акцијата Мари Склодовска-Кири, „Меѓусебно учење за иновациски агенции" во рамки на акцијата Инносуп и други.

## СУБЈЕКТИ ЗА ДАВАЊЕ ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДДРШКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ

Фондот во 2020 година, ќе продолжи со развој и продлабочување на функционалноста на субјектите за давање инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност:

1) Деловно-технолошките акцелератори
2) Научно технолошкиот парк (во натамошниот текст НТП)
3) Национална канцеларија за трасфер на технологии
4) Регионална платформа (акцелератор) за старт-ап компании

### Деловно-технолошките акцелератори

Во втората половина на 2018 година, Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Светска Банка за првпат додели средства за поддршка на три бизнис акцелератори за млади. Со формирање на овие бизнис акцелератори, избраните конзорциуми развија програми за основање и развој на старт-ап компании за млади, вклучително и финансиска поддршка за развивање на брзо растечки бизниси кои ќе креираат високоплатени работни места. Со програмите, посебен фокус беше и ќе ставен на младите претприемачи, кои преку оваа конкретна менторска и финансиска поддршка базирана на меѓународни искуства, добиваат можности кои се нудат во другите развиени земји. Во оваа тековна година овие бизнис акцелератори ќе продолжат со следење на развојот на старт-ап компании за млади. Дополнително,

согласно расположливите буџетски средства, Фондот во 2020 година планира да објави уште еден повик за нови деловно-технолошки акцелератори.

**Научно-технолошки парк (во натамошниот текст НТП)**

НТП е предвиден како комплексна организација која на едно место нуди професионална деловна поддршка и услуги за иновации дизајнирани да го зголемат степенот на иновации, како и можности за мрежно поврзување на национално ниво. Во врска со Научно-технолошкиот парк подготвена е нацрт Анализа за избор на моделот за научно-технолошки парк од страна на тим од консултанти, финансиран од ЕУ. Проектот според предлогот ќе се имплементира во две фази: првата е до крајот на 2019 година и предвидува пренамена и реконструирање на постоечки објект по што се очекува и отворање на првиот дел од научно-технолошкиот парк. Во следните пет години предвидена е имплементација на втората фаза со изградба на дополнителен капацитет и лаборатории. Идниот научно-технолошки парк ќе биде сместен во кампусот на техничките факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

За спецификација на дигиталните и лабораториите за природни науки е потребна дополнителна анализа. Како наподобен модел на управувачка струкутра се препорачува јавно-приватно партнерство при што иницијалнита фаза на воспоставување на НТП би се реализирала со јавни вложувања.

Како и да е, Фондот во 2020 година ќе продолжи со интензивните подготовки за отворање односно отпочнување на изградбата на идниот научно-технолошки парк, согласно предвидената диналика за реализација проектот.

**Национална канцеларија за трансфер на технологии**

Во рамки НТП предвидено е да се формира и **Национална канцеларија за трансфер на технологии (НТТО)** која ќе обезбедува услуги за трансфер на технологии и други услуги поврзани со раководење со договори за истражувања, поттикнување на соработка меѓу универзитетите и индустријата, поддршка на универзитетите и индустријата за активности поврзани со технологии и интелектуална сопственост.

Во рамки на научно-технолошкиот парк предвидено е отворање на канцеларија за трансфер на знаење како центар за соработка меѓу универзитетите, истражувачките институции и индустријата.

**Регионална платформа (акцелератор) за старт-ап компании**

Дополнителна иницијатива која произлегува од Берлинскиот процес, а на која ќе работи Фондот во текот на 2020 година, е воспоставување на **Регионална платформа (акцелератор) за старт-ап компании**. Иницијативата се базира на позитивното искуство од веќе постоечки модели и бизнис акцелератори во земјава. Трите деловни акцелератори кои функционираат со поддршка на Фондот и Светската банка, нудат програма за подготовка за вложување, финансиска поддршка во две фази на инвестирање и поддршка во реализација на бизнис идеите.

Регионалниот акцелератор би бил отворен за старт-ап компании од земјите од западен Балкан и би ги нудел истите услуги и финансиска поддршка на регионално ниво.

Фондот ќе ги разгледува можностите за поддршка на основањето на овој регионален акцелератор преку обезбедување на логистички услови (простории и сл.), развој на акцелераторската програма во соработка со меѓународни партнери, како и почетен капитал. Во сопственоста на акцелераторот може да се предвиди и учество на други држави согласно нивните вложувања во програмата.

## ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРИ

Фондот континуирано ќе ги одржува и ќе развива нови партнерства со клучни институции и организации кои делуваат во ММСП секторот и во секторот на иновации, истражување и развој преку организација на информативни настани, учество на конференции, работилници, дебати и други активности.

Фондот ќе ја продолжи соработката со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во насока на спроведување на Планот за економски раст на Владата на Република Северна Македонија, столб 3.

Предвидено е организирање на натпревари/предизвици на теми од посебен општествен интерес, како и предизвици поврзани со пилотирање на иновациите во јавниот сектор кои ќе се организираат во соработка и партнерство со институции од јавниот сектор.

Фондот, во 2020 година, ќе ја продолжи и продлабочи планирата соработката со надлежни институции за анализа и подготовка на стратегија - Смарт специјализација. Станува збор за дефинирање на приоритетни области на национално и/или регионално ниво во кои, преку иновативни стратегии, би се развивале компетитивните вредности.

Следствено претходните години, Фондот ќе продолжи да ја развива и продлабочува соработката и со меѓународните организации и институции, како што се: Светска Банка, Европска Комисија, УСАИД, УНИЦЕФ, УНДП, Програмата на Швајцарската амбасада Свис ЕП и други организации за мобилизација на финансиски средства и други видови на поддршка за постигнување на дефинираните цели. Соработката се формализира преку потпишување на Меморандуми за соработка.

Фондот ќе ја продолжи соработката со Светска Банка во насока на градење и зголемување на капацитетите на оваа институција. Во втората половина на 2019 година започна со активности „Innovation and competitiveness Ecosystem Technical Assistance" финансирана од страна на британскиот фонд GGICR (Good Governance and Investment Climate Reform) trust fund, а имплементатор е Светската банка. Времетраењето на техничката помош е во текот на цела 2020 година сé до прviот квартал на 2021 година.

Техничката помош ќе биде фокусирана на следниве области за работа со Фондот:

- Спроведување на релевантна аналитика и диагностика на тековните инструменти за поддршка и институционалната рамка (вклучително институционалната поставеност, овластувања и капацитет, законската и регулаторната рамка). Врз основа на тие анализи, генерирање на препораки за подобрување на инструментите за поддршка и институционалната инфраструктура за нивна имплементација.
- Зајакнување на владината поддршка за иновации преку поддршка во имплементација на препораките за инструментите за поддршка и институциите кои ќе ги спроведуваат. Ова вклучува:

  а/ Можна консолидација на инструментите, подобрување на истите и подобрување на правната рамка за инструментите; и

  б/ Можна консолидација на институциите, подобрување на правната рамка на институциите, како и подобрување на капацитетите на институциите за имплементација на инструментите.

Подобрување на правната рамка за ризичен капитал во земјата, базирано на претходни анализи и дијагностики направени од страна на Светската банка.

Дизајнирање и поддршка на имплементација на програма за развој на побарувачката од страна на компании кои се развојно ориентирани и за кого инструментите за иновации и компетитивност ќе бидат соодветни, подобрување на граѓанскиот ангажман, опфатот и транспарентноста во однос на инструментите и нивната имплементација.

Преку оваа техничка помош ќе се обезбеди континуитет во соработката со Светската банка со оглед на тоа дека проектот за развој на вештини и поддршка на иновации завршува заклучно јуни 2020 година но и ќе се овозможи поддршка на Фондот во развој и имплементација на програми за поддршка со цел реализација на стратешките цели.

**Соработка со деловните банки, штедилници и други финансиски институции**

На иницијатива на Фондот, во текот на 2019 година, се одржа првичен состанок помеѓу Фондот и претставници на Македонската банкарска асоцијација како резултат на кој започна поконкретна соработка помеѓу Фондот и деловните банки во РСМ со цел олеснување на пристап кон финансии на пазарна основа за поддршка на иновативните бизнис идеи на претпријатијата и технолошкиот развој не само на претпријатијата корисници на финансиска поддршка од Фондо туку и за претпријатија кои се јавуваат како апликанти на повиците на Фондот. Соработката ќе се темели на изнаоѓање на начини за олеснување на пристапот кон финансии за компаниите, како и подобрување на условите за финансирање на нивните бизнис идеи. Соработката со деловните банки може да се формализира и преку потпишување на меморандуми за соработка.

**Проект „Иновативен Еко-Систем во областа на прекуграничната соработка (CBC Innov8)"**

Фондот го реализира гореспоменатиот проект „Иновативен Еко-Систем во областа на прекуграничната соработка (CBC Innov8)" како дел од ИПА 2, Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија.

Овој проект официјално започна на 01.01.2018 година и ќе трае до 30.04.2020 година. Проектот е во партнерство со Еуропартнерс Дивелопмент од Албанија (водечки партнер), Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење (НЦРИПУ) Македонија и Агенција за истражување, технологија и иновација од Албанија (АРТИ). Целта на проектот е да се да се зголеми конкурентноста и трговијата во областа на прекуграничната соработка, преку олеснување на трансферот на know-how технологии меѓу старт-ап и мали и средните претпријатија.

Во текот на 2020 година, односно до завршување на проектот се планирани следниве активности:

- промовирање на постигнатите резултати на грантистите (корисниците) со кои е склучен договор за финансирање по јавниот повик за финансирање на проекти за новоосновани трговски друштва „Старт-ап" и „Спин-оф" како дел од проектот „Иновативен Еко-Систем во областа на прекуграничната соработка";
- организирање на медиумска кампања за иновативност и трансферот на know-how технологии во прекуграничната област; и
- завршна конфренција на проектот.

Вкупна вредност на целиот тригодишен проект е 389.028,69 евра, од кој Фондот покрива трошоци во висина од 106.243,00 евра.

Со цел зголемување на ефективноста на мерките и подобра координација помеѓу јавните институции, граѓанскиот сектор и донаторите, повеќето од предвидените програми Фондот ќе ги спроведува во партнерство со релевантите чинители во областите на образованието, науката и иновациите.

„Предизвикот за млади истражувачи" е дизајниран и се спроведува во соработка со Министерството за образование и наука. Придонес во унапредувањето на предизвикот, изборот на наградени проекти и нивното спроведување имаат и Бирото за развој на образованието и граѓанскиот сектор.

„Програмата за поттикнување на социјалното претприемништво кај младите – UpShift" е кофинансирана од и заеднички надзор над нејзиното спроведување врши УНИЦЕФ а програмата за „Поддршка на претприемничкото образование - Junior Achievement" е кофинансирана од и заеднички надзор над нејзиното спроведување врши УСАИД.

Активностите и мерките кои се однесуваат на поттикувањето на соработката помеѓу академската заедница и индустријата ќе се спроведуваат во постојана консултација со претставници на високообразовните и научноистражувачките институции. Заеднички активности ќе се спроведуваат и во рамки на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Фондот и Македонската академија на науките и уметностите.

Секторски специфичните мерки ќе се спроведуваат во соработка со релевантните државни институции. „Зелените ваучери" ќе бидат спроведувани во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, а мерката „Воспоставување и спроведување на иновативни практики во областа на земјоделството и руралниот развој" ќе се спроведува во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повикот за акцелераторската програма „IMAGINE IF“ ќе се спроведува во соработка со глобалната организација „Innovation Forum” и Универзитетот на Кембриџ.

Со цел спроведување на заеднички проекти од истражувачки, развоен и научен карактер; заеднички едукативни и промотивни активности; проширување на мрежата на соработка; стручна помош и анализа за конкретни проекти и потфати, взаемна размена на информации, знаења и искуства од областите од заеднички интерес, како и учество, соработка и реализација на заеднички проекти. Согласно наведеното, меѓу другите ќе се потпише и меморандум за соработка со Филозофскиот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, како и со Амбасадата на Државата Израел кој има за цел промоција и имплементација на иновации и технолошки развој како и зајакнување на капацитетите на институциите и човечките ресурси на полето на иновации во Република Северна Македонија.

Една од основните цели на предвидените мерки е да се овозможат поврзување помеѓу различните општествени сегмени како што се јавниот сектор, образовните институции, приватниот сектор и граѓанските иницијативи во насока на поттикнување на иновативната дејност. За остварување на оваа цел на четворен хеликс систем неопходно е активно вклучување на сите чинители во процесот на градење на политиките, нивното спроведување, следење и евалуација поради што Фондот ќе продолжи со воспоставување на нови партнерства.

## КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ

Во 2020 година Фондот ќе продолжи со **развој и имплементација на мултимедијален пристап во информирање на јавноста**. Покрај континуирано организирање на информативни настани, средби, конференци и панел дискусии кои имаа за цел да придонесат кон подобро реализирање на програмата на Фондот, истите ќе бидат проследени со специјален мултимедијален пакет од видео и фото понуда со цел зголемена видливост за активностите и новостите од Фондот, како и можност за поголема покриеност на публиката.

Со цел зголемување на нивото на свесност за резултатите од работата на Фондот, како и поголема транспарентност, Фондот развива **комуникациска стратегија и кампања** која се базира на три столба:

1) **Транспарентност и отчетност** – овој сегмент опфаќа промоција на сите проекти кои се кофинансирани преку различни програми/инстументи на Фондот и предвидува организација на јавни настани во различни региони отворени за широката јавност.
2) **Успешни приказни** – промоција на најуспешните примери на компании кои реализираат проекти од различни области со цел мотивација на нови апликанти за користење на можностите за поддршка.
3) **Резултати од анализа** - Фондот во соработка со релевантни институции/експерти работи на сеопфатна економска анализа која со која ќе се прикажат резултатие

од придобивките за домашната економија и државниот буџет од досегашните инвестиции.

Општа цел на оваа кампања е препознавање на Фондот како институција која е посветена на помагање на домашните иновации и технолошкиот развој што следствено води кон подобрување на економската состојба во земјата. Делот од кампањата „Успешни приказни„, со цел обезбедување ефикасна и координирана соработка во спроведувањето на заедничка медиумска кампања за промовирање на стручните занимања и можности за стручно образование и обука, Фондот ја реализира во соработка со: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Проект за развој на деловниот екосистем на Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), програма за развој на Обединетите Нации (УНДП) и Проектот образование за вработување во Македонија на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ). Активностите предвидени во меморандумот ќе се спроведуваат до 2021 година.

Фондот, во оваа календарска година, ќе продолжи да работи на програми за унапредување на односите со медиумите, во кои препознава значаен партнер за промоција на своите активности и инструменти. Покрај воспоставената редовна пракса за испраќање на прес соопштенија за инструментите за финансиска поддршка и активностите на Фондот, одделението задолжено за односи со јавност ќе продожи и со одржување на повремени брифинзи и консултации со претставниците на медиумите и новинарите, што се покажа како добра пракса во изминатата година.

Фондот планира да го **промени изгледот и уредувањето на официјалната веб страна** со цел да стане подостапна за граѓаните, корисниците и да понуди полесно интерактивно пребарување на податоци. Во рамките на оваа активност се планира и изготвување на посебна алатка – **база на податоци за сите корисници на Фондот,** на која меѓу другото ќе бидат достапни различни информации поврзани со компаниите, проектите, степенот на реализација, награди и сл. На веб страна континуирано ќе се објавуваат информации и извештаи за сите настани и активности поврзани со работата на Фондот, како и обнова на содржината поврзана со регулативата.

Фондот ќе продолжи да го развива пристапот и присуството на на социјалните медиуми (Фејсбук и Твитер) каде посетеноста и интеракцијата од следбениците е видливо зголемена во изминатата година.

Фондот планира да продолжи со организација на работилници, инфо сесии, конференции, секторски работни групи при Владата, работилници во Стопанските комори, прес конференции поврзани со објавувањето на јавните повици за финансирање и промоција на останатите активности на Фондот; свечени настани за доделување на договори за кофинансирани грантови; регионални работилници и работни средби со претставници од регионот на теми поврзани со иновации, инвестирање, стратешки партнерства и конкурентност; специфични настани наменети за млади со млади; како и бројни други настани кои ќе бидат поврзани со тековните активности на Фондот.

Фондот планира да продолжи да развива соработка со меѓународни и домашни организации, институции, факултети, амбасади, со цел спроведување на заеднички проекти од истражувачки, развоен и научен карактер; заеднички едукативни и промотивни активности; проширување на мрежата на соработка; стручна помош и анализа за конкретни проекти и потфати, взаемна размена на информации, знаења и искуства од областите од заеднички интерес, како и учество, соработка и реализација на заеднички проекти.

**#ПетокЗаМлади@ФИТР** е серијал на настани посветен на младите и иновациите во рамките на кој најмалку еден петок во месецот се организираат иновативни тематски работилници со ученици од основни и средни училишта. Целта е да се поттикнат креативните вештини и иновативноста кај младите, уште од најрана возраст да почнат да истражуваат и да развијат критичка мисла како и да се научат да развиваат иновативни проекти преку дружење и интеракција. Фондот и во 2020 ќе продолжи со организација на овие активности во рамките на кои отпочна и нова инцијатива за поврзување и соработка на учениците со домашните компании кои ќе дадат свој придонес во поддршка за развој на истражувачкиот и претприемачкиот дух уште од најрана возраст.

Фондот исто така ќе работи и на **развој на нови предизвици и програми наменети за примена на иноваци во медиумии,** како на пример иновативни решенија во борба против лажните вести.

**Промоција на инструментите на поддршка кои ги нуди Фондот**. Мерката се спроведува преку изработка и спроведување на Комуникациски план за промоција на инструментите за поддршка кои ги нуди Фондот.

**Награда за најиновативна компанија**. Мерката ќе се спроведе преку организирање на настани за мали и средни претпријатија, на кои ќе се промовираат придобивките од иновациите, расположливите стимулации и добрите практики во управувањето со иновациите.

Сите овие активности ќе имаат за цел да придонесат кон кон подигање на свеста за значењето на иновациите кај бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на Фондот и подобрување на квалитетот на предлог проектите.

## ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ФИНАНСИИ

### УПРАВУВАЊЕ

Во делокругот на работа на **Управниот одбор** за 2020 година планирано е да се донесат/усвојат: Годишната програма за работа за 2020 година, Годишниот финансиски план за 2020 година на Фондот, Планот за јавни набавки за 2020 година, Годишен извештај за работата на Фондот за 2019, Годишна сметка за 2019 година, Годишен

ревизорски извештај за 2019 година, правилници за нови инструменти, како и донесување на други документи или одлучување за други прашања согласно Законот, Статутот и општите акти на Фондот.

Управниот одбор и во оваа година ќе продолжи активно да ја следи реализацијата на програмите и редовното работење на Фондот.

**Комитетот за одобрување на инвестиции** (во понатамошниот текст Комитетот) во првото тромесечие на 2020 година ќе работи на евалуација на предлог-проекти од јавниот повик поврзан со инструментите за поддршка: Кофинансирани грантови за технолошки развој (скратена и редовна постапка) и Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва: старт-ап и спин-оф. Оценувањето на проектите во фазата на предселекција ќе се врши од страна на стручни лица, освен за апликантите по инструментите за поддршка: Кофинансирани грантови за технолошки развој (скратена постапка). Комитетот ќе ја спроведе постапката на селекција на предлог-проектите од горенаведените повици.

Покрај тоа, планирано е Комитетот да одлучува и по барања од корисници за позначајни измени на тековните проекти, промени во сопственичка структура, барања за продолжување на рокови за реализација проекти и други активности кои се во надлежност на Комитетот.

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Во текот на 2020 година предвидено е да се донесе нов акт на Правилник за внатрешна организација на Фондот и нов Правилникот за систематизација на работните места во Фондот, во насока на: зајакнување на функциите, развој и реализација на програми за поддршка на приватниот сектор; како и зајакнување на внатрешните капацитети за реализиција на програми во областа на образованието, истражувањето, развојот и иновациите; мониторинг (следење) на договори и анализа на искористеност на средствата; комуникација со јавност/компании и потенцијални корисници.

Според планираниот нов акт за систематизација, изготвен во соработка со надворешен консултант за оперативно работење на Фондот, ќе се финализира функционалната анализа во која се предвидува бројот на вработени до крајот на 2020 година да достигне до 50 лица, на неопределено и определено време.

Со законските измени, а особено со проширувањето на стратешките и програмските определби и заложбите на Владата на Република Северна Македонија во рамки на третиот столб од Планот за економски раст - финансиска поддршка за ММСП за иновации и технолошки развој, да се продлабочи сферата на поддршка за иновации и технолошки развој, несомнено е потребно ФИТР да ги зајакне капацитетите во насока на успешна реализација на новите надлежности (програми):

- ✓ Анализа и креирање на политики за поддршка на компаниите со вклучување и на нови финансиски инструменти;
- ✓ Креирање на програми за поддршки на иновации и технолошки развој;

- ✓ Вклучување на образованието, истражувањето и науката во насока на креирање на иновации и технолошки развој;
- ✓ Меѓународна соработка со сродни институции и меѓународни програми за поддршка на иновации и технолошки развој;
- ✓ Мониторинг односно следење на корисниците кои добиле поддршка од ФИТР.

Дополнително, согласно соработката со Светска Банка во насока на градење и зголемување на капацитетите, Фондот ги очекува и резултатите од спроведена анализа за институционалната поставеност, овластувања и капацитет на Фондот и евентуални измени во законската регулатива. Согласно конкретните препораки за унапредување на истите, Фондот ќе пристапи кон соодветно усогласување на актите за систематизација и ќе и предложи на Владата соодветни законски измени.

Постојна организациона структура на Фондот е следнава:




Планирано е подобрување на институционалната компетенција на Фондот преку: (а) планирање и осмислување на програмите, стратегиите, операциите и постапките на Фондот и (б) јакнење на капацитетите на Фондот за иновации и технолошки развој.

И во оваа календарска година, вработените на Фондот ќе се усовршуваат преку обуки, студиски посети на слични институции во странство, семинари, конференции, работни групи, работилници, разни курсеви. Согласно искажаните потреби обуките на вработените на Фондот ќе бидат во следните области: финансиски мониторинг, промоција и осмислување на финансиските инструменти (вклучително грантови и прибирање на ризичен капитал, иновации во јавен сектор) со цел финансирање на

иновативни активности, паметни градови, социјално претприемништво, креирање на програми, проширување на знаењата во однос на јавните набавки и односи со јавноста и др.

Институционалниот капацитет на Фондот ќе се гради и преку користење на техничка помош од домашни и странски партнери, како и со ангажирање на консултанти во Фондот, на теми поврзани со тековните потреби на Фондот.

## ДРУГИ ПРОЦЕСИ

Фондот согласно дополнувањето на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија, од крајот на 2019 година, ќе утврдува постоење на особен економски интерес, ако странец кој поднел барање за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија, инвестирал капитал во износ од најмалку 200.000 евра по лице, во период од најмалку две години, во приватен инвестициски фонд. Утврдувањето на постоење на особен економски интерес ќе биде согласно програмата на приватниот инвестициски фонд наменета за поддршка на економијата, иновациите и инвестицискиот развој на Република Северна Македонија; извештај за реализација на програмата и вложувањата на приватниот инвестициски фонд за инвестицијата наменета за поддршка на економијата, иновациите и инвестицискиот развој на Република Северна Македонија, во кој фонд странецот има вложување, издаден од страна на Друштво за управување со приватни фондови и други останати документи.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа годишна програма влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**Дел.Бр.** 01-1779/8
26.12 **2019 година,**
**Скопје**

**Претседател на Управен одбор на**
**Фонд за иновации и технолошки развој**

**Моника Јованова**